## 3.3. Надворешен долг[8]

*Надворешниот долг зголемен поради курсни разлики...*

Надворешниот долг на Република Македонија врз основа на долгорочни кредити забележа месечно зголемување од 13,6 милиони САД долари и на 30.11.2003 година изнесуваше 1.700,2 милиони САД долари. Зголемувањето на надворешниот долг, и покрај поголемите отплати во однос на користења на средства, се должи на позитивни курсни разлики[9].

Во текот на ноември, користењата на средства по веќе одобрени долгорочни кредити изнесуваат 6,1 милион САД долари. Од официјалните кредитори повлечени се 2,2 милиона САД долари по кредити одобрени од Светската Банка (IBRD), Европската инвестициона банка (EIB) и Европската банка за обнова и развој (EBRD). Од приватните кредитори се повлечени средства во износ од 3,9 милиони САД долари, во најголем дел од странски банки и финансиски институции. Новосклучените кредити во ноември 2003 година во износ од 1,2 милиона САД долари, во целост се однесуваат на приватни кредитори, односно странски приватни банки и финансиски институции.

Графикон 26
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




*...при поголем износ на отплати отколку користења на средства*

Во ноември 2003 година, вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити изнесуваа 13,3 милиони САД долари. Врз основа на главнина беа отплатени 11,8 милиони САД долари, а врз основа на камата 1,5 милиони САД долари. Притоа, отплатите кон официјалните кредитори изнесуваат 9,6 милиони САД долари, додека кон приватните кредитори отплатени се 3,7 милиони САД долари. Во периодот јануари-ноември 2003 година, вкупните отплати на средства по склучени кредити (196,4 милиони САД долари) го надминаа износот на користењата (191,7 милиони САД долари).

---

[8] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.

[9] Позитивните курсни разлики делуваат во насока на зголемување на надворешниот долг.